РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

# Пренесени од ФЕИТ

### Правила за запишување за студенти кои студираат по ЕКТС

1. Секој студент што запишува зимски семестар е должен да изврши избор на предмети што ќе ги слуша во зимскиот семестар според следните правила:
   - По правило студентот во секој семестар запишува предмети со вкупно 35 кредити;
   - При запишувањето на семестарот студентот прво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (претходниот) зимски семестар, а потоа задолжителните предмети и изборните предмети од тековниот семестар.
   - Студентите кои ќе сакаат да запишат поголем број на кредити од 35 бараат одобрување (писмено преку студентската архива на Факултетот) од продеканот за настава. Услови за запишување на повеќе од 35 кредити се: положени предмети и освоени сите кредити од сите претходно запишани предмети и просечна оцена најмалку 8,5.
2. При запишување на предметите потребно е да се исполнат предусловите дефинирани со предметните програми што се приложени во информациските пакети за секоја студиска година. Студентот може да побара да слуша и предмет за кој не ги исполнил предусловте, со молба одобрена од предметниот наставник

## Важни напомени за сите студенти што студираат по ЕКТС

1. Сите студенти се должни да пополнат интерен пријавен лист во кој треба да ги запишат предметите што ќе ги слушаат во зимскиот семестар. Интерниот пријавен лист студентите може да го симнат од овој линк, или да го подигнат од лабораторијата СОЦД.
2. Студентите ќе може да ја посетуваат наставата само на предметите што им се одобрени од студентската служба.
3. Студентите кои студираат по ЕКТС, ако запишуваат предмет повеќе од 3 пати поминуваат во квота со кофинансирање. Сите студенти запишани најдоцна до учебната 2008/2009 што ќе запишат предмет од прва година, преминуваат во квота со кофинансирање. Истото важи и за студентите запишани до учебната 2007/2008, ако запишат предмет од втора студска година преминуваат во квота со кофинансирање.

## ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

РЕДОВНО запишаните студенти треба да достават и уплатница на жиро-сметка на ФИНКИ за реализирани финансиски обврски (уплатница за партиципација - државна или кофинансирање).

- За студентите **во државната квота на сите студиски програми од сите генарации (од генерацијата 2004/2005 до генрацијата 2010/2011)** финансиските обврски изнесуваат:

  број_на_запишани_кредити x **204,00** денари.

- За студентите **запишани во учебната 2004/2005 година во квота со кофинансирање на сите студиски програми** финансиските обврски изнесуваат:

  број_на_запишани_кредити x **408,00** денари.

- За студентите **запишани во учебната 2005/2006 и 2006/2007 година во квота со кофинансирање** на студиските програми ИКИ и ИНФО, финансиските обврски изнесуваат:

  број_на_запишани_кредити x **510,00** денари

- За студентите **запишани во учебната 2007/2008 година во квота со кофинансирање** на студиската програма ИКИ

  број_на_запишани_кредити x **612,00** денари.

- За студентите **запишани во учебната 2007/2008 година во квота со кофинансирање** на студискита програма ИНФО

  број_на_запишани_кредити x **510,00** денари.

- За студентите **запишани во учебната 2008/2009 и 2009/2010 година во квота со кофинансирање** на сите студиските програми финансиските обврски изнесуваат:

  број_на_запишани_кредити x **612,00** денари.

- За студентите **запишани во учебната 2010/2011 година во квота со кофинансирање** на сите студиските програми финансиските обврски изнесуваат:

  број_на_запишани_кредити x **408,00** денари.